| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на урбанизам и градење** | | | |
| 2. | **Код** | 50835 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св.Кирил и Методиј“, Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>проф.д-р. Дарко Спасовски | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Цел на предметната програма по Право на урбанизам и градење е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за правното регулирање на просторното и урбанистичкото планирање и на градењето и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото на урбанизмот и градењето.<br>- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со правото на урбанизмот и градењето.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по право на урбанизам и градење ќе ги обработи теоретските аспекти на правото на урбанизмот и градењето, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира оваа материја.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото на урбанизмот и градењето од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Во рамките на предметот Право на урбанизам и градење студентите се запознаваат со начелата на просторното планирање, изготвување на просторни планови, правната регулација на урбанистичкото планирање, изготвување на урбанистички планови, процедурата за усвојување на урбанистичкиот план, учеството на јавноста и надлежните државни тела и органи при изготвувањето на урбанистичките планови, целите и содржината на просторните и на урбанистичките планови, договорите за урбан развој, соработката со приватниот сектор, изготвувањето на инфраструктурните планови, | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | забраната за урбанизирање, поделбата на парцелите, корекцијата на границите на постојните парцели, редистрибуцијата на парцелите, реурбанизацијата, правото на општината на првенствено купување, експропријацијата, компензацијата, надлежните власти, мерките на урбан развој, договорите за градење, условите за договорот за градење, набавката и инсталацијата на електрична и механичка опрема, условите на договорот за “клуч на рака”, условите на договорот за проектирање, изградба и експлоатација, условите на договорот за проектирање и изградба, различни видови консултантски договори, договори за јоинт вентуре, конзорциуми и други организациони форми кај големите инвестициски договори, правното нормирање на градежните материјали и техниките на градба, правното нормирање на стандардите во градежништвото, професионалната одговорност на лицата инволвирани во планирањето и градењето.<br>Предметот го анализира правното регулирање на сите фази на урбанизмот и градењето, како и субјектите, дозволите, лиценците и договорите поврзани со нив. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за просторно и урбанистичко планирање, Закон за градење, Закон за комунални служби, Закон за облигационите односи, Закон за стандардизација, Закон за градежно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | земјиште, Закон за сопственост и други права, Закон за трговски друштва итн.) студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |

| 22. | Литература | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | Закон за просторно и урбанистичко планирање | Службен весник на Република Македонија | 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016 |
| | | 2. | | Закон за градење | Службен весник на Република Македонија | 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016 |
| | | 3. | Werner Lorenz | Contracts for work on goods and building contracts (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 1980 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | Michael Robinson | An Employer's and Engineer's Guide to the FIDIC Conditions of Contract | Wiley-Blackwell | 2013 |
| | **2.** | Michael Robinson | A Contractor's Guide to the FIDIC Conditions of Contract | Wiley-Blackwell | 2011 |
| | **3.** | Elis Baker, Ben Mellors, Scott Chalmers, Anthony Laver | FIDIC Contracts: Law and Practice | Informa Law, Routledge | 2009 |